**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-241/8**

**Скопје, 18.06. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Свети Николе - Сметка за самопридонес за 2007 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на самопридонесот на општина Свети Николе за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Слободан Даневски, градоначалник на Општина Свети Николе, во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 17 и 18.04.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

### 10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.1.1. Во вкупниот приход за 2007 година искажан во Билансот на приходи и расходи не е вклучен вишокот на приходи пренесен од 2006 година, во износ од 2,144 илјади денари, што резултира со нереално искажани вкупни приходи, а како резултат на тоа помалку искажан вишок на приходи за пренос во наредната година.

**Препорака:**
Одделението за сметководство во Билансот на приходи и расходи како приход да го искаже и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

### 10.2. Неправилности во искажувањето на Билансот на состојбата

10.2.1. Паричните средства на сметката на самопридонесот се искажани во помал износ за 4,332 илјади денари. Имено, по укинувањето на Сметката на самопридонесот во Стопанска банка, салдото на паричните средства во износ од 5,617 илјади денари се пренесени во буџетската сметка поради тоа што во рамките на трезорот, сметката на самопридонесот сеуште не била отворена. Во 2006 година согласно програма за самопридонес се искористени 1,285 илјади денари, така што на сметката на Буџетот се останати 4,332 илјади денари средства на самопридонесот. Остварениот вишок на приходи во 2007 година, што е пренесен за користење во 2008 година, реално изнесува 10,126 илјади денари (5,794 илјади денари искажани на сметката на самопридонесто и 4,332 илјади денари искажани на сметката на буџетот.
Чувањето на средства од самопридонесот на буџетската сметка создава можност за ненаменско и незаконско користење на овие средства.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината да даде налог за пренос на салдото на паричните средства од самопридонесот од сметката на Буџетот на сметката од самопридонесот, заради нивно користење во согласност со Програмата за користење на средства од самопридонесот.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за самопридонес на Општина Свети Николе и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Сметката за самопридонес на Општина Свети Николе остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 16.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ - СМЕТКА НА САМОПРИДОНЕС

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 5,020 | 3,429 |
| **Вкупно приходи** | | **5,020** | **3,429** |
| **Расходи** | | | |
| **Капитални расходи** | 3.2.1 | 1,370 | 1,285 |
| **Вкупно расходи** | | **1,370** | **1,285** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3,650** | **2,144** |

Образложенијата на страните од 6 и 7 се составен дел на финансиските извештаи

## ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ - СМЕТКА НА САМОПРИДОНЕС

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1. | 5,794 | 2,144 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,794** | **2,144** |
| **Вкупна актива** | | **5,794** | **2,144** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2. | 5,794 | 2,144 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **5,794** | **2,144** |
| **Вкупна пасива** | | **5,794** | **2,144** |

Образложенијата на страните од 6 и 7 се составен дел на финансиските извештаи